Република Северна Македонија
Општина Долнени

Локална самоуправа

Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Dollnenit
Vetëqeverisja Lokale

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутот на општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоаследното:

Р Е Ш Е Н И Е

За свикување на 31 (триесет и прва) седница на Советот на општина Долненина ден 07.11.2023 год. во 10:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

# Д н е в е н р е д

6. Усвојување на Записникот од триесета седница на Советот на општина Долнени;
7. Ребаланс на буџетот на Општина Долнени
8. Одлука усвојување на ребаланс за 2023 год.
9. Одлука за извршување на ребалансот за 2023 год
10. Квартален извештај К1.К2,К3
11. Разно
12. Дополнителна Точка:Дополнување на одлуките за извршување на буџетот за 2023 год бр.08=146/7 од 31.01.2023 и бр. 08-546/9 од 27.04.2023 год.

Претседател на Советот

на општина Долнени – Долнени

____________________________

Хусеин Хасановиќ

# З А П И С Н И К

Од одржаната 31 (триест и прва) седница на Советот на општина Долнени на ден 07.11.2023 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 10:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Перески, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски,Ахмедин Рамовиќ Марјан Алампиески, Онур Имероски и ЛиндитаСулејманоска.

Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

## Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од триесетта седница на Советот на општина Долнени;
2. Ребаланс на буџетот на Општина Долнени
3. Одлука усвојување на ребаланс за 2023 год.
4. Одлука за извршување на ребалансот за 2023 год
5. Квартален извештај К1.К2,К3
6. Разно

7. Дополнителна Точка:Дополнување на одлуките за извршување на буџетот за 2023 год бр.08=146/7 од 31.01.2023 и бр. 08-546/9 од 27.04.2023 год.

1. По основ на првата точка од дневниот ред усвојување на записникот од 30 седница без никаква забелешка и дискусија од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој 15 советници гласаа ЗА.
2. По основ на втората точка на дневниот ред ребаланс на буџетот на Општина Долнени, ова точка беше претставена од страна на раководителот на одделението за финанси Соња Ѓорѓиоска на која точка имаше дискусија каде што од страна на советникот Хусеин Хасановиќ беше поставено прашање во врска за средствата за превоз на ученици по основните училишта каде што раководителот на финанси кажа дека се предвидени 9.655.650 денари од ставка 425,760 бр.15 и од наменските 2.200.000 денари. Вака ова точка беше ставена на гласање од кој сите присутни 15 советници гласа За.
3. По основ на трета точка Одлука за Усвојување на ребаланс за 2023 год,вака ова точка беше ставена на гласање од кој што сите присутни 15 советници гласаа ЗА.
4.По основ на четврта точка Одлука за извршување на ребалансот за 2023 год вака ова точка беше ставена на гласање од кој што сите присутни 15 советници гласаа ЗА.
5.По основ на петата точка од дневниот ред Квартален извештај К1.К2,К3 раководителот ја претстави ова точка која без дискусија беше ставена на гласање од кој сите присутни 15 советници гласа ЗА.
6.По основ на шестата точка Разно донесени се :

Заклучок за ООУ,,Мирче Ацев„ с. Лажани за да се најде решење учениците да си следата настава со физичко присуство која едногласно беше гласена од страна на советниците со 15 гласови ЗА

.
Одлука за Констатирано отказите од членовите на управниот одбор на ЈКП-Долнени и тоа член и Претседател на управниот одбор Елтон Ислами и членот Арнела Хасановиќ која едногласно беше гласена од страна на советниците со 15 гласови ЗА.

Заклучок за с. Житоше кое по барање на месната заедница за отстранување на сушници за сушење тутун,земјоделски машини од патиштата долж населението едногласно беше гласена од страна на советниците со 15 гласови ЗА.

7.По основ на дополнителната точка Дополнување на одлуките за извршување на буџетот за 2023 год бр.08=146/7 од 31.01.2023 и бр. 08-546/9 од 27.04.2023 год, По известување од министерство за Финанси бр.08-1/211-1 и 08-1/91-1 се врши дополнување на одлуката за извршување на буџетот за 2023 год со надополнување на правниот основ Бр.08-146/7 од 31.01.2023 год и одлуката за извршување со Бр. 08-548/9 од 27.04.2023 год беше претставена од раководителот на финанси која без дискусија беше ставена на гласање од кој сите 15 присутни советници гласа ЗА.

З а п и с н и ч а р

Претседател
на Советот на општина Долнени

______________________________

Еркан Ајдароски

__________________________

Хусеин Хасановиќ